


ISO 9001
Q-1441

## 21.05.2025-Среда

## НАСТАНИ




### Со културно-уметничка програма "Ние, јазикот и уметноста", денеска, ООУ "Крсте Мисирков" ќе го одбележи Патрониот празник

ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија, вечерва (21 мај 2025 година), со богата културно-уметничка програма ќе го одбележи својот Патронен празник. Свечениот настан насловен „Ние, јазикот и уметноста“ ќе се одржи во Народниот театар- Гевгелија, со почеток во 19:30 часот.

Во рамки на програмата, присутните ќе има можност да ги проследи настапи на драмската група „Театар“, училишниот хор и оркестар, како и музичко-сценски настапи на ученици од I до V одделение. Сценариото и режијата се на м-р Мери Олумчева, техничка поддршка е Кристина Младеновска, а музички ментор е Горан Лазаров.

ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија ги поканува граѓаните од општина Гевгелија заеднички да го прослават Патрониот празник, за чиешто одбележување учениците под менторство на нивните наставници со голема посветеност кон ликот и делото на Мисирков подготвија програма што ќе ја слави убавината на уметноста. Чествувањето на Патрониот празник е дел од програмата за манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**21.05.2025-Среда**




## 22 мај: Завршна приредба на ЈОУДГ "Детска радост"- "Стара гевгелиска чаршија"

Утре (22 мај 2025 година), во рамки на програмата за манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025 година), следува завршната приредба на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија. Во Народниот театар- Гевгелија, со почеток од 17:00 часот, 175 дечиња ќе се претстават со театарска претстава „Стара гевгелиска чаршија“, со којашто симболично ќе ги одбележат завршувањето на претшколското и преминот во основно образование.

Станува збор за сценарио, коешто се одвива во Гевгелија, во периодот помеѓу двете Светски војни. Претставата ќе го долови духот на едно минато време преку изработени костими, сценографија и музички подлоги, со прикажување на секојдневието на старите гевгеличани, меѓучовечки односи, вредности и обичаи.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

## 21.05.2025-Среда




### **Годишен концерт на Музичкиот оддел при ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија- 22 мај**

Утре (22 мај 2025 година), во хотел „Аполонија“, со почеток од 20:00 часот, ќе се одржи Годишниот концерт на Музичкиот оддел при ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија.

Овој настан претставува кулминација на трудот и ангажманот на учениците и нивните ментори, и е една од најзначајните активности што го одбележуваат крајот на учебната 2024 / 2025 година. На концертот ќе настапат учениците кои се школуваат во класите на наставниците по пијано, виолина, флејта и кларинет, при што ќе ја демонстрираат својата музичка зрелост, техничка подготвеност и уметничка изразност стекната преку целогодишна работа.

Годишниот концерт на Музичкиот оддел при ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија е дел од програмата за мај за манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“.

**21.05.2025-Среда**




## Дводневна програма за одбележување на 24 Мај- Патронот на црквата "Св. Кирил и Методиј"

Гевгелиското архиерејско намесништво со богата дводневна програма за одбележување на Патронот на црквата „Св. Кирил и Методиј“- 24 Мај. Чествувањето ќе започне на 23 мај 2025 година, со Акатист кон Свети Кирил и Методиј со петолебие. Вечерта, во дворот на црквата „Св. Кирил и Методиј“, од 18:45 до 19:30 часот , следува културно-уметничката програма. Ќе настапат: „Распеани гевгеличани“, Ансамбл „Бојмија“, Балетската група „Дива“ и Мандолинскиот оркестар „Полифонија“.

На 24 мај 2025 година, ќе биде отлсужена Празнична утрена во 07:00 часот, а во 08:30 ќе започне Светата Божествена литургија со благословување на кумски колачи и осветување вода. Со почеток од 11:00 часот, ќе се одржи Празнична литија, а во 11:30 часот, следи настапот на Ансамбл „Македонија“. Одбележувањето на 24 Мај ќе заврши со ручек, во 12:30 часот.

**21.05.2025-Среда**

## ИНФОРМАЦИИ




### Одржано 3. издание на "Гевгелиски велотлон"

АМД „Дичо Панов"- Гевгелија и годинава собра 47 вљубеници во спортот кои се натпреваруваа на 3. по ред „Гевгелиски велотлон", којшто се одржа на 18 мај 2025 година, на патеката „Курија" во близина на Негорските Бањи. Учесниците од повеќе градови во Македонија се натпреваруваа во три дисциплини- возење со велосипед по off road патека, трчање и совладување препреки. Годинешен апсолутен победник на 3. издание на „Гевгелиски велотлон" е професорот по спорт, Влатко Семенаков", кој освои две први места во генерален пласман и со постигнато најдобро време во совладување препреки и трчање. На најдобрите им беа доделени плакети за постигнатите успеси и награден фонд.

„Гевгелиски велотлон", АМД „Дичо Панов", којшто е уникатен и адреналински напревар единствен од ваков тип во Македонија, го организира во соработка со Здружението на граѓани „Гевгелија Точак Клуб". Проектот е поддржан од Општина Гевгелија преку Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2025 година.

**21.05.2025-Среда**



## 26 мозаика на учениците од ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци изложени во Амамот

26 мозаика изработени од учениците од VI до IX одделение во ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци ги красат ѕидовите на уметничката галерија „Амам“. Изложбата што се реализираше во соработка со НУ Музеј- Гевгелија, беше отворена на 19 мај 2025 година, на којашто присуствуваа голем број граѓани воодушевени од креативноста на учениците.

Како што истакна наставничката по ликовно образование, Анамарија Митриќеска Кал`чева, ментор при изработката на мозаиците, подготовката траела 3 месеци, а на еден мозаик работеле од 2 до 5 ученика.

- Мозаикот е одлична активност која комбинира уметност, едукација и личен развој - на забавен и практичен начин. Процесот е доста интересен и пријатен за децата, од избор на скиците, кршење на плочките, редење, па се до завршниот дел фугирање и чистење. Ваквите активности ги развиваат когнитивните, социјалните и емотивните вештини, креативноста и естетика сѐ до културната свест. Мислам и се надевам дека во нашата земја треба да има повеќе вакви настани и посетеност, а децата да се што повеќе вклучени, за да може да се развива свеста за естетиката и културата во нив, што несомнено би довело до посветла иднина и способност за тимска работа- рече Митриќеска Кал`чева.

Притоа изрази благодарност до директорката и колегиумот кои имаа трпение и овозможија услови за работа на вака големи проекти, Како и благодарност и до Општина Гевгелија за поддршката на оваа активност во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“ и сите кои ги донираа материјалите и овозможија успешно завршување на проектот. Мозаиците ќе бидат изложени во Амамот до 27 мај 2025 година.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk